# ФЕДЕРАЦИЈА НА ГИМНАСТИЧКИ СПОРТОВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

БИТОЛА, 2009 ГОДИНА

# СОДРЖИНА:

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ ........ 3

II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ ........ 5

III. ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 7

IV. ЧЛЕНСТВО И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 9

V. УПРАВУВАЊЕ СО ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 11

VI. ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 12

1. СОБРАНИЕ ........ 12
2. ИЗВРШЕН ОДБОР ........ 15
3. ОДБОР ЗА КОНТРОЛА ........ 18
4. ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТ ........ 18
5. ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА ........ 21

VII. УЧЕСНИЦИ ВО СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ ........ 21

VIII. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И АНТИДОПИНГ КОНТРОЛА ........ 25

IX. ЕВИДЕНЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ ........ 26

X. ИМОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 27

XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 27

XII. СТРУЧНА СЛУЖБА ........ 28

XIII. ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ........ 29

XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 29

Врз основа на член 5, 20, 72 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.31 од 02.07.1998 година), член 10,14 и 82 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2002) и член 19 од Законот за именување и дополнување на законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004), согласно член 95, став 3 од Статутот на Федерацијата на гимнастички спортови на Република Македонија (пречистен текст), Собранието на Федерацијата на гимнастички спортови на Република Македонија, на седницата одржана на ден 18.03.2005 година, донесе

# С Т А Т У Т

## НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ГИМНАСТИЧКИ СПОРТОВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Федерацијата на гимнастички спортови на Република Македонија, (во натамошниот текст Федерацијата) е спортско здружение настанато со здружување на клубовите/друштвата за гимнастички спортови во Република Македонија, заради реализирање на утврдена програма за развој, поттикнување и унапредување на гимнастиката и гимнастичките спортови, усогласување и координирање на програмските активности на здружените клубови/друштва, организирање и спроведување на систем на натпревари, унапредување на стручната работа на тренерите и гимнастичките судии, со цел во гимнастиката и гимнастичките спортови да се оствари општествениот интерес во постигнување врвни спортски резултати, како и да се задоволат основните интереси и потреби на учесниците (граѓаните) од сите возрасти во Република Македонија, во оваа спортска област.

Член 2

Федерацијата своите цели и задачи ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот, особено Законот за спорт, овој Статут и општите и други акти што ќе ги донесе.

Член 3

Името на Федерацијата е: ФЕДЕРАЦИЈА НА ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Скратен назив е ФГСРМ.

Член 4

Седиштето на Федерацијата е во Битола на улица „Партизанска“ бр.25.

Заради поефикасно и поекономично работење и раководење, Федерацијата може да има седиште и во друг град на РМ, за што одлука донесува Собранието на Федерацијата.

Федерацијата се организира и делува на подрачјето на целата територија на Република Македонија и пошироко.

Член 5

Федерацијата е правно лице.

Федерацијата има своја жиро сметка.

Федерацијата има печат и штембил.

Печатот има тркалезен облик со следниот текст:

**Федерација на гимнастичките спортови на Република Македонија**, а во средината се наоѓа знакот на Федерацијата.

Штембилот има правоаголен облик со заштитен знак на Федерацијата и со следниот текст:

ФЕДЕРАЦИЈА НА ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.____________________

___________ 200____ год.

Б И Т О Л А

Член 6

Федерацијата има знаме. Знамето на Федерацијата е со големина 0,6 X 1 м, со црвена основа на кое од едната страна се наоѓа знакот на Федерацијата, со натпис „Федерација на гимнастичките спортови на Република Македонија“, а од другата страна знамето на Република Македонија.

Федерацијата има знак (амблем). Знак на Федерацијата е уметничка поза на гимнастичар во став на гимнастичка вага.

Член 7

Федерацијата се здружува и е член на Македонскиот олимписки комитет (МОК), Светската гимнастичка федерација (ФИГ), Европската гимнастичка федерација (УЕГ), Сојузот на спортови, како и на останатите државни и меѓународни институции и асоцијации во областа на гимнастиката и гимнастичките спортови и пред наведените институции ги претставува и застапува и спортските клубови членки на Федерацијата.

Федерацијата делува и работи според правилата и начелата на ФИГ и УЕГ.

Спортските клубови членки на Федерацијата можат да соработуваат со соодветни спортски клубови од други држави само доколку тие држави се членки на ФИГ, УЕГ, друга меѓународна асоцијација во која Федерацијата членува или со која има потпишано билатерална спогодба за соработка. За соработката, спортскиот клуб ја известува Федерацијата.

Федрацијата може да соработува и со други институции во областа на спортот во земјата и во странство.

Член 8

Федерацијата ја претставува и застапува Претседателот на Федерацијата. Во случај на отсутност на Претседателот на Федерацијата, Федерацијата ја претставува Потпретседателот или член на Извршниот одбор кој ќе го определи Претседателот.

Претседателот на Федерацијата може за точно определени правни дејствија да ополномошти лице кое ќе ја застапува Федерацијата.

Член 9

Работата на Федерацијата се заснова на начелата на потполна јавност.

Јавноста на работата на Федерацијата се остварува особено преку:

- поднесување на извештаи и меѓусебно информирање за сите битни прашања од работата на органите и телата на Федерацијата, на седниците и состаноците кои се отворени и достапни за присуство на јавноста;
- доставување и овозможување на увид на членовите на Федерацијата и на државните службени лица во извештаите и програмите за работа, изворите на приходи, нивно стекнување и трошење, материјално-финансиско работење и друго;
- информирање преку интерни гласила: билтени, стручни списанија, дневен печат, радио, телевизија и на друг начин за работата на Федерацијата.

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 10

Основни цели на Федерацијата се:

- масовен развој на гимнастиката и гимнастичките спортови;
- постигнување на високи спортски резултати на национално и меѓународно ниво, со учество во националниот систем на натпревари и на балкански, европски и светски првенства, олимпијади и други меѓународни натпревари;
- популарризација на гимнастиката и гимнастичките спортови помеѓу сите слоеви на населението во РМ;
- развој на научно-истражувачката и стручната работа поврзана со гимнастиката;
- создавање на контакти помеѓу здруженија и асоцијации во обласга на гимнастиката;
- борба против сите видови на допинг;
- реализирање и остварување на најразлични програмски содржини во областа на гимнстиката што придонесуваат за одржување и подобрување на здравјето, спречување и отклонување на функционалниот степен на деформитети кај децата (корективна гимнастика), создавање на позитивни навики за продолжување на животот со содржајно користење на слободното време, преку форми на гимнастички и спортско-рекреативни активности, создавање на позитивни навики за бавење со спорт и воспитување и изградување на примерни спортисти и личности.

Член 11

Целите утврдени во член 10 на овој Статут, Федерацијата ќе ги остварува преку:

- машка спортска гимнастика
- женска спортска гимнастика
- ритмичка гимнастика
- спортска акробатика
- трамплин
- спортски аеробик
- спорт за сите, преку рекреативни форми
- базна гимнастика за детски категории
- корективна гимнастика
- стрелаштво со лак и стрела и други спортски дисциплини кои во зависност од условите на клубовите можат да најдат практична примена

За реализирање на наведените форми Федерацијата има задача да презема мерки и активности:

- за постигнување на врвни резултати во сите гимнастички спортови, со посебен интерес на спортската и ритмичката гимнастика;
- да организира и реализира национален систем на натпревари;
- да организира и реализира меѓународни натпревари во РМ;
- да учествува на меѓународни натпревари на репрезентации и клупски, а особено на олимпијади, балкански, европски и светски првенства во спортска и ритмичка гимнастика;
- ги составува (и се грижи) за државните репрезентации во спортска гимнастика;
- за подигање на нивото на наставно-тренажниот и воспитен процес, применувајќи ги новите научни и искуствени достигнувања на спортската гимнастика во светот;
- за едукација на тренерите и судиите со организирање на семинари за нови сознанија и за проверка на знаењето што ќе го вршат домашни и странски експерти по облиците наведени во став 1 од овај член;
- за одржување на постојана соработка и комуникација со МОК, ФИГ и УЕГ, како и со други федерации и асоцијации од обласа на гимнастиката;
- да изготвува и донесува заеднички концепти, програми, пропозиции и вежби за спортовите наведени во став 1 на овој член, како и календар на натпревари на државно ниво и за учествата на меѓународните натпревари и првенства;
- да остварува издавачка дејност заради популаризација на гимнастичките спортови, на клубовите односно друштвата и на гимнастичарките и гимнастичарите, за третирање на актуелните проблеми во гимнастиката и пошироко во обласа на спортот;
- да обезбеди јавност во работата на органите на Федерацијата и на нејзините членови;
- за санкционирање на спортистите и надлежните лица доколку дозволиле употреба на средства за допинг при тренирање и натпревари;
- за помагање и подобрување на условите за работа во клубовите/друштвата;
- да организира летни и зимски подготовки на напредните гимнастичарки и гимнастичари со ангажирање на најдобрите домашни и странски познати тренери;
- да помага во организирање на спортски школи.

За реализација на целите и задачите, Федерацијата може да ангажира странски докажани тренери.

Член 12

За отварување на своите цели, задачи и програмски активности, Федерацијата остварува соработка со предучилишните, училишните и здравствените организации, односно установи, други здруженија на граѓани во обласа на спортот, социјално-хуманитарни, високо-образовни или стручни организации, субјектите во стопанството, хотелско-угостителските и туристичките претпријатија и други правни лица кои имаат интерес да се вклучат во програмските активности на Федерацијата или да реализираат заеднички програми и акции со Федерацијата.

Член 13

За развој на гимнастиката и гимнастичките спортови и постигнување на врвниспортски резултати во оваа област, Федерацијата изготвува посебна програма

заснована на научни и стручни принципи во кои се содржани: машка и женска спортска гимнастика, ритмичко-спортска гимнастика, акробатика и други гимнастички потсистеми.

Член 14

Федерацијата својата активност ја остварува преку научно засновани долгорочни, среднорочни и годишни програми, кои се објективно мерливи и чии основни елементи се: разновидност на формите, содржините и методите, прилагоденост на потребите и интересите на населението од сите возрасти, современост на начинот на кој се пропагираат, организираат и реализираат, усогласени со објективните материјални и други можности на членството и граѓаните.

Во изготвувањето на програмите од став 1 на овој член, Федерацијата може да ангажира и странски докажани експерти на гимнастички спортови.

## III.ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 15

Основна организација за гимнастика и гимнастички спортови е клубот за гимнастика и гимнастички спортови (во натамошниот текст Клубот).

Клубот може да се формира доколку се исполнети потребните услови и стандарди пропишани со закон и подзаконски акти (стручен кадар, објекти, справи, реквизити и друго).

Клубот не може да работи и да остварува дејност во гимнастиката и гимнастичките спортови пред да се утврди исполнетоста на условите за остварување и вршење на целите од страна на надлежниот орган на државната управа за спорт.

Во рамките на клубот, како облици на дејствување можат да се формираат разни внатрешни организациони единици (секции, спортски школи за одредени сегменти на гимнастиката и гимнасттичките спортови и слични форми и облици на дејствување).

Член 16

Стручни кадри кои можат да вршат дејност спорт во областа на гимнастичките спортови, согласно Законот за спорт, се лица кои имаат завршено најмалку више образование во областа на спортот.

Член 17

На стучните кадри во областа на гимнастичките спортови кои го водат спортскиот тренинг и натпреварувањата, клубовите/друштвата и други правни лица должни се да им овозможат перманентно стручно усовршување.

Програмите за стручно усовршување ги утврдува и спроведува Федерацијата.

Член 18

Стручно лице – странец, може да води спортски тренинг и натпревари во највисокиот степен на натпревари доколку ги исполнува условите утврдени со Законот за спорт и со друг закон.

Член 19

Клубот е правно лице.

Клубот има своја жиро сметка, печат и штембил.

Член 20

Спортски клуб, како правно лице регистрирано како здружение на граѓани, може да основа друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво, за вршење дејност спорт за остварување на неговите цели, интереси и активности, како и за финансирање на неговите функции утврдени со Статутот.

Член 21

Спортски клуб, регистриран како здружение на граѓани може да престане со работа како здружение на граѓани и да се регистрира како трговско друштво за вршење дејност спорт.

Член 22

Одлука за престанок на спортски клуб, како здружение на граѓани, заради основање на спортски клуб како трговско друштво, согласно со член 8 од Законот за спорт, носи Собранието на спортскиот клуб со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.

Кон одлуката задолжително се приложува:

- акт за регулирање на правата и обврските на спортистите кои се членови на спортскиот клуб;
- извештај за извршената ревизија на годишната пресметка од овластена институција;
- извештај на овластен проценувач за проценетата вредност на клубот;
- податоци и докази за правото на сопственост, располагање, користење и управување со недвижности;
- преглед на заинтересираните правни и физички лица кои ќе се јават за основачи на спортскиот клуб како трговско друштво со предлог програма за заинтересираните основачи.

Во постапката за регистрација на спортскиот клуб од здружение на граѓани во трговско друштво се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

Трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво ги превзема правата и обврските на спортското здружение и го задржува неговиот континуитет на остварените резултати (остварениот пласман, рангот и статусот во системот на натпревари) во рамките на Федерацијата, на спортскиот клуб кој се регистрирал како трговско друштво, независно дали го задржува или менува името.

Федерацијата му го признава континуитетот на остварениот резултат на трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво чиј правен наследник е.

Објектите за спорт и инвентарот кои се сопственост на државата или единиците на локалната самоуправа не можат да се вклучат во имотот на трговското друштво со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво.

Член 23

Клубот се здружува во Федерацијата на гимнастички спортови на Република Македонија, за што одлука донесува Извршниот одбор на Клубот, заради заедничко унапредување на работата и активностите, усогласување, реализирање и целосно спроведување на програмските активности, унапредување на стручната работа, стручно оспособување и усовршување на кадрите, поголема рационалност, функционалност и заштита на објектите, како и остварување на други прашања од заеднички интерес.

Клубот може да се здружи и основа општински, односно градски сојуз за гимнастички спортови, доколку на територијата на општината односно градот има најмалку три клуба за гимнастички спортови кои се регистрирани како правни лица.

Член 24

Поблиски одредби за начинот на организирањето, здружувањето и работата на Клубот се утврдуваат во Статутот на клубот.

## IV.ЧЛЕНСТВО И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 25

Членството во Федерацијата е доброволно.

Член на Федерацијата може да биде секој клуб за гимнастички спортови кој го прифаќа Статутот на Федерацијата и плаќа соодветна членарина.

Клубовите за гимнастички спортови стануваат членки на Федерацијата со потпишување пристапна изјава за членство.

За пристапување во членство на Клубот во Федерацијата одлука донесува собранието на клубот.

Извршниот одбор на Федерацијата, по приемот на пристапната изјава и одлуката на собранието на клубот за членство во Федерацијата донесува решение за прием.

Доколку клубот е незадоволен од решението на Извршниот одбор на Федерацијата има право на жалба до Собранието на Федерацијата во рок од 30 дена.

Одлуката на Собранието на Федерацијата е конечна.

Член 26

Членовите на Федерацијата имаат право:

- да учествуваат во работата и одлучувањето на Собранието, со право на еден глас;
- со свои претставници да учествуваат во работата и одлучувањето на Извршниот одбор, Одборот за контрола и останатите органи и тела на Федерацијата кои ќе бидат избрани во наведените органи на Федерацијата;
- да учествуваат во доставување на иницијативи и изготвување на програмските насоки и соодветните програми;
- да се користат со резултатите од целокупната дејност на Федерацијата;
- да се вклучени во системот на информирање;
- доброволно да го напуштат членството во Федерацијата.

Член 27

Членовите на Федерацијата се должни:

- да го почитуваат Статутот на Федерацијата и одлуките и решенијата донесени од органите и телата на Федерацијата;
- редовно да ја плаќаат членарината и други придонеси во рок и износ определен од Извршниот одбор на Федерацијата;
- да се залагаат за остварување на целите и задачите од член 10 и 11 од овој Статут и да учествуваат во реализирање на програмските содржини, активности и акции;
- да придонесуваат за омасовување и афирмација на гимнастиката и за стручно издигнување на тренерскиот кадар и за подобрување на методите за работа;
- да го спроведуваат тренажниот процес;
- да учествуваат на натпреварите што ги организира Федерацијата;
- да присуствува на состаноците на органите и телата на Федерацијата;
- да го почитуваат и да не го нарушуваат угледот на Федерацијата, на неговите членови и органите на управување на Федерацијата;
- да го чуваат имотот и опремата на федерацијата со должно внимание;
- да не ја користат, на каков и да е начин, Федерацијата за цели што се спротивни на Статутот на Федерацијата.

Член 28

Членството во Федерацијата престанува:

- по сопствена желба, со самостојно истапување;
- со престанување на гимнастичкиот клуб како правно лице;
- со исклучување.

Член 29

Член на Федерацијата се исклучува кога:

- грубо ги крши Статутот и актите на Федерацијата;
- не плаќа или доцни со плаќање на членарината и други надоместоци во утврдениот рок од страна на Извршниот одбор;
- со преземените дејствија го нарушува угледот на Федерацијата;
- го попречува постигнувањето на целите на Федерацијата;
- не ги почитува правилата, договорите и одлуките на органите на Федерацијата;
- од неоправдани причини не води тренажен процес повеќе од 12 месеци.

Член 30

Извршниот одбор на Федерацијата на предлог на Претседателот на Федерацијата или дисциплинската комисија може да одлучи времено да суспендира членка на Федерацијата доколку:

- грубо ги крши Статутот и актите на Федерацијата;
- не плаќа или доцни со плаќање на членарината и други надоместоци во утврдениот рок од страна на Извршниот одбор;
- не ги почитува правилата, договорите и одлуките на органите на Федерацијата.

Суспендираната членка на Федерацијата за времето на суспензија:

- не може да учествува на натпреварите кои ги организира Федерацијата;
- нема право да учествува и гласа на Собранието на Федерацијата.

Суспензијата на членката која е суспендирана од финансиски причини, трае до порамнување на сите финансиски обврски.

Членката на Федерацијата која е времено суспендирана може да се жали до Извршниот одбор, кој по жалбата мора да одлучи на својата прва седница, но не подоцна од два месеци од денот на доставување на жалбата. Против одлуката на Извршниот одбор со која се потврдува времената суспензија може да се изјави жалба до Собранието на Федерацијата, доколку не е поведена дисциплинска постапка.

Во случај кога е поведена дисциплинска постапка спроведувањето на постапката се одвива во склад со Дисциплинскиот правилник.

Член 31

Собранието на Федерацијата одлучува за конечно исклучување на членката од членство во Федерацијата врз основа на жалба против одлуката на Извршниот одбор со која ја потврдил времената спогодба.

Доколку членката на Федерацијата не поднесе жалба против одлуката на Извршниот одбор за времената суспензија и во рок од 30 дена по донесувањето на одлуката на Извршниот одбор не ги измири обврските наведени во алинеа 2 од член 28, став 1, Извршниот одбор на Федерацијата мора да достави до Собранието на Федерацијата предлог за конечно исклучување од членство на таквата членка. За поднесениот предлог, Извршниот одбор ќе ја извести членката и ќе ја повика во рок од 15 дена да достави писмено образложение за одбрана на своите права.

Собранието на Федерацијата при одлучувањето за конечно исклучување на членката од членство во Федерацијата спроведува постапка во која утврдува дали членката ги прекршила одредбите од член 27 на овој Статут. Одлуката на Собранието за исклучување е важечка доколку на собранието биле присутниповеќе од половината од членките со право на глас и за одлуката гласале 2/3 од присутните членови на Собранието. Одлуката на Собранието е конечна.

Член 32

Кршењето на правилата на Федерацијата од страна на физичките лица, како и на членките на Федерацијата, се уредува со Дисциплинскиот правилник.

## V.УПРАВУВАЊЕ СО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 33

Клубовите (друштвата), врз основа на своето членство во Федерацијата, учествуваат во управувањето со Федерацијата, преку свој претставник избран во органите на Федерацијата.

Член 34

Претставникот на Клубовите во Федерацијата има право и обврски:

- да бира и да биде биран во органите на Федерацијата;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес за членовите;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Законот за спорт, Статутот, од програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

- да ги спроведува во целост одредбите од Законот, овој Статут и програмските активности;
- да ги застапува интересите и ставовите на Клубот и Федерацијата;
- да бара стручна и друга помош од областа на облиците на активности во гимнастиката, гимнастичките спортови и спортската рекреација наведени во член 11 од овој Статут;
- редовно да го известува Клубот, чиј претставник е, за работата на органите и телата на Федерацијата.

## VI.ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 35

Органи на Федерацијата се:
1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Одбор за контрола
4. Технички комитет
5. Дисциплинска комисија

### 1. СОБРАНИЕ

Член 36

Собранието е највисок орган на Федерацијата.

Собранието го сочинуваат:
- Претседателите на клубовите (друштвата);
- Комесарот за развој на МСГ;
- Комесарот за развој на ЖСГ;
- Комесарот за судиски прашања за МСГ;
- Комесарот за судиски прашања за ЖСГ;
- Претседателот на одборот за тренери;
- Претседателот на Техничкиот комитет;
- Претседателот и членовите на Одборот за контрола.

Мандатот на членовите на Собранието изнесува четири години.

Собранието избира Претседател на Собранието од редот на претседателите на клубовите.

Претседателот на Собранието, истовремено е и Претседател на Извршниот одбор и Претседател на Федерацијата.

Собранието избира и Потпретседател на Собранието.

На Собранието можат да се повикуваат и да присуствуваат, без право на одлучување и претставници на органите на државната управа надлежни за работите во областа на спортот, претставници на МОК и на други спортски федерации и здруженија (асоцијации) од областа на спортот, поранешни афирмирани членови на Федерацијата и клубовите за гимнастички спортови и други субјекти заинтересирани за унапредување и развој на програмските активности што ги спроведува Федерацијата.

Членовите на Собранието на Федерацијата за својата работа одговараат пред членовите на Клубовите и пред Собранието на Федерацијата.

Член 37

Членовите на Собранието во работата на Собранието на Федерацијата учествуваат лично и истите не можат да бидат заменувани од други лица на основа полномошно.

Член 38

Редовно собрание се одржува најмалку еднаш годишно, по правило во месец јануари, а вонредно собрание по потреба.

Изборно собрание се одржува секоја четврта година.

Член 39

Собранието го свикува Претседателот на Федерацијата.

Собранието може и вонредно да се свика по барање на:

- Извршниот одбор на Федерацијата;
- најмалку една третина од вкупниот број на клубовите;
- Одборот за контрола.

Предлогот за свикување на вонредно собрание се доставува во писмена форма до Претседателот на Федерацијата. Во предлогот треба да се предложи и наведе дневен ред со соодветно образложение, да се достават соодветни материјали, како и да биде потпишан од предлагачите од став 2 од овој член.

Претседателот е должен да свика вонредно собрание доколку предлогот за свикување е уреден и потпишан од потребниот број предлагачи предвиден во став 2 од овој член, најдоцна во рок од 14 дена од денот на приемот на предлогот од став 3 на овој член.

Ако предлогот е уреден, а Претседателот на Федерацијата во рокот од претходниот став не свика вонредно собрние, тоа можат да го сторат предлагачите од став 2 на овој член.

Трошоците за свикување на вонредното собрание ги сносат свикувачите.

Член 40

Покана со предложен дневен ред и материјалот по истиот им се доставува на членовите на Собранието, во писмена форма, најмалку 7 дена пред одржување на Собранието.

Во исклучително итни случаи материјалот за седница на Собранието може да се достави и во пократок рок од рокот утврден во став 1 од овој член.

Член 41

Собранието може да се одржи и полноважно да одлучува ако се присутни мнозинството од вкупниот број членови на Собранието.

Ако во закажаното време не е присутен потребниот број на членови на Собранието, Собранието се одлага за еден час. Ако и по еден час нема доволен број на членови на Собранието, Собранието се одлага најмалку за 5 дена.

Член 42

Одлуките на Собранието се сметаат дека се донесени ако за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Собранието.

За Статутот на Федерацијата одлуката се смета за донесена кога за неа гласале најмалку две третини од вкупниот број на присутни членови на Собранието.

За престанок со работа на Федерацијата и за спојување на Федерацијата со друга асоцијација одлуката се смета за донесена кога за неа гласале најмалку две третини од вкупниот број на членови на Собранието.

Член 43

Собранието:

- го донесува Статутот на Федерацијата и негово изменување и дополнување;
- ја утврдува основната политика и правците на развој на гимнастиката и гимнастичките спортови во Република Македонија;
- донесува годишни, среднорочни и долгорочни програми за работа и развој;
- донесува годишен финансиски план на приходи и расходи на Федерацијата;
- ги разгледува и усвојува годишните и извештаите за мандатниот период за работата на Собранието, Извршниот одбор и Одборот за контрола;
- усвојува годишен финансиски извештај и завршна сметка;
- одлучува за статусот и користењето на имотот на Федерацијата;
- избира Претседател и Потпретседател на Федерацијата;
- избира и разрешува членови на Извршниот одбор на Федерацијата;
- избира и разрешува членови на Одборот за контрола и Дисциплинската комисија;
- презема мерки и активности за отстранување на нестандардното и незаконитото работење на органите на Федерацијата констатирани од Одборот за контрола и други надлежни органи;
- донесува правилник за критериумите за доделување признанија и награди на членови на Федерацијата и на други правни и физички лица, кои со своето ангажирање и придонес помогнале за развојот и афирмацијата на гимнастичките спортови;
- одлучува за прогласување почесни членови на Федерацијата;
- донесува деловник за работа на Собранието;
- донесува одлука за престанок на Федерацијата со двотретинско монозинство;
- расправа за постигнати резултати и проблеми во работата и состојбата во клубовите, по сопствена иницијатива или барање на клубовите и дава насоки за натамошно работење;
- одлучува за здружување со други федерации и асоцијации во земјата и странство од областа на гимнастичките спортови и на спортот воопшто;
- одлучува за други прашања за кои Собранието ќе одлучи да расправа, а се однесуваат на остварување на функциите на Федерацијата.

Член 44

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

## 2.ИЗВРШЕН ОДБОР

### Член 45

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието на Федерацијата.

Извршниот одбор го сочинуваат Претседателите на клубовите членки на Федерацијата и Претседателот на Техничкиот комитет, како и други лица кои се подготвени финансиски да ја помагаат работата на Федерацијата. Претседателот на клубот може со полномошно да овласти друг претставник од клубот да го замени на седницата на Извршниот одбор.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години, со можност на повторен избор.

Членовите на Извршниот одбор се рамноправни во своите права, обврски и одговорности во работењето на Извршниот одбор, согласно одредбите од овој Статут.

За својата работа Извршниот одбор на Федерацијата е одговорен пред Собранието на Федерацијата.

### Член 46

Извршниот одбор работи на седници.

Извршниот одбор се состанува по потреба.

### Член 47

Извршниот одбор може полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку половина од вкупниот број на членови на Извршниот одбор.

Одлуките на Извршниот одбор се сметатаат за донесени ако за нив гласале повеќето од вкупниот број присутни членови на Извршниот одбор.

### Член 48

Извршниот одбор ги врши следните работи:

- се грижи, придонесува и презема активности и мерки за реализација на целите и задачите утврдени во член 10 и 11 од овој Статут, долгорочните, среднорочните и годишните програми за работа на Федерацијата, како и на одлуките и заклучоците што ги донело Собранието;
- ги изготвува и предлага финансискиот план и завршната и периодичните сметки за работа на Федерацијата;
- ја реализира годишната програма за работа на Федерацијата;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на Федерацијата и дава толкување на неговите одредби, помеѓу две Собранија;
- донесува соодветни правилници и други општи акти со кои се регулира работата на Федерацијата од надлежноста на Извршниот одбор, како за условите и начините на користењето на имотот на Федерацијата;
- одлучува за прифаќање и склучување на спогодби и договори;
- подготвува материјали за работата на Собранието, свикува седници на Собранието и му поднесува извештај за својата работа во календарската година и за мандатниот период;
- одлучува за висината на членарината и другите придонеси што треба да ја платат членовите и другите корисници за користење на услугите и имотот на Федерацијата;

- формира свои работни тела и служби или именува одговорни лица за поквалитетно, поуспешно и поефикасно остварување на својата функција и работа и на работата на Федерацијата во целина;
- ги разгледува програмите и извештаите за работа на своите тела и субјектите од претходната алинеја од овој член, како и органите и телата од член 39 од овој Статут и презема активности и мерки за нивно успешно остварување и за подобрување на состојбите;
- одлучува за доделување на награди, благодарници и јавни признанија на заслужни членови и на Клубовите и изготвува предлози за почесни членови на Федерацијата;
- одлучува за вкупното управување и користење на имотот на Федерацијата;
- се грижи за обезбедување на услови, материјално-финансиски средства и други претпоставки за остварување на целите и задачите од член 10 и 11 од овој Статут и активноста на Федерацијата и одлучува за нивната намена;
- остварува разни форми на маркетинг преку активностите на Федерацијата;
- се грижи за доследно спроведување на законите и одредбите на овој Статут;
- се грижи за обезбедување на можностите за стручно усовршување и оспособување на стручните кадри од Републиката;
- се грижи за пропагирање и афирмација на активностите на Федерацијата;
- организира самостојно или заедно со други чинители и субјекти советувања, семинари, испити и други форми на унапредување на работата и подигање на стручното ниво на раководните и стручните кадри;
- избира и разрешува Претседател на техничкиот комитет;
- ги избира членовите на техничките комитети на предлог на Претседателот на техничкиот комитет;
- донесува правилници и други акти со кои се регулира организацијата и систематизацијата на работите во Стручната служба, начинот на нивното наградување, права и одговорности и други прашања;
- именува и разрешува Генерален секретар на Федерацијата;
- донесува одлука за основање трговско друштво;
- пропишува единствена содржина и форма на членската книшка и другите видови книшки;
- одлучува за прием и суспензија од членството во Федерацијата;
- ја помага, усогласува и насочува работата на Клубовите;
- донесува одлуки за расходовање и отуѓување на ситен инвентар и основни средства;
- го следи извршувањето и примената на одлуките од неговата надлежност;
- одлучува за кандидирање на Федерацијата за организатор на врвни меѓународни манифестации, натпревари и првенства од областа на гимнастичките спортови;
- организира и активно учествува во разни акции и манифестации;
- врши и други работи и одлучува и за други прашања кои се однесуваат на управувањето и работата ан Федерацијата и на остварувањето на нејзината функција и активност.

Член 49

Доколку Извршниот одбор на клубот донесе одлука спротивна на закон, одредбите од овој Статут и Статутот на клубот, Извршниот одбор на Федерацијата го известува Одборот за контрола и Собранието на Клубот да преземат соодветни мерки за спречување и отстранување на штетните последици од спроведувањето на незаконитата или против статутарна одлука, а доколку не се преземат мерки, може да ја запре од извршување одлуката на Извршниот одбор на Клубот и да покрене постапка пред надлежните управни и

судски органи, во рок од 8 дена од денот на донесувањето на одлуката за запирање од извршување.

Член 50

Извршниот одбор на Федерацијата за поквалитетно, поуспешно и поефикасно остварување и реализација на своите работи, задачи и функција и на работата на Федерацијата во целина може да формира соодветни работни тела и служби или именува одговорни лица задолжени за определени прашања (маркетинг, пропаганда и афирмирање, издаваштво, информирање, компјутеризација и слично).

Надлежностите и задачите на телата и лицата од став 1 од овој член ги определува и утврдува Извршниот одбор на Федерацијата, а нивните права и обврски се уредуваат со општи акти и поединечни договори.

Член 51

Претседателот на Федерацијата:

- се грижи и е одговорен за законското работење на Федерацијата;
- ги свикува и претседава на седниците на Собранието и Извршниот одбор;
- донесува поединечни акти за правата и обврските на вработените во стручната служба на Федерацијата и одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработените во Федерацијата, на предлог на Извршниот одбор;
- ги потписува одлуките и другите акти што ќе ги донесе собранието и Извршниот одбор на Федерацијата, потпишува и склучува договори (претходно прифатени од Извршниот одбор) за функционирање на Федерацијата;
- се грижи за доследно спроведување на програмите, заклучоците и одлуките на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата и врши контрола на нивната реализација;
- врши и други работи што произлегуваат од природата на работењето на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата;

Претседателот на Федерацијата може да запре од извршување акт на Федерацијата, доколку е спротивен на Уставот, законот и овој Статут и во рок од 8 дена да покрене постапка пред надлежниот суд.

Член 52

Претседателот на Федерацијата ја претставува и застапува Федерацијата.

Во слушај на спреченост или отсутност на Претседателот на Федерацијата, го заменува Потпретседателот или еден од членовите на Извршниот одбор кој што тој ќе го овласти, само во рамките на даденото овластување од Претседателот на Федерацијата.

Доколку Претседателот на Федерацијата биде отсутен или спречен да ја врши функцијата подолго од шест месеци или е неактивен во вршењето на својата функција, се бира нов Претседател на Федерацијата.

Претседателот на Федерацијата може да овласти со полномошно друго лице, што би ја застапувало Федерацијата, за одредени прашања пред надлежните органи од државната управа, судови и други институции.

Претседателот на Федерацијата може да ги застапува Клубовите што се здружени во Федерацијата, пред надлежните судови, органи на државната управа и други институции доколку за тоа добие полномошно од соодветниот клуб.

За својата работа Претседателот на Федерацијата одговара пред Извршниот одбор и Собранието.

## 3.ОДБОР ЗА КОНТРОЛА

### Член 53

Одборот за контрола (во натамошниот текст Одборот) има три члена, кои се бираат на Собрание.

Мандатот на членовите на Одборот трае 4 години.

На својата прва седница Одборот избира Претседател на Одборот.

Членовите на Одборот не може да бидат едновремено и членови на органите и телата пропишани од овој Статут.

### Член 54

Одборот врши контрола над:

- примената и спроведувањето на одредбите од Статутот на Федерацијата и други општи и поединечни акти на Собранието, Извршниот одбор и работните тела на Извршниот одбор на Федерацијата;
- користење на финансиските и материјалните средства како и на вкупниот имот кој го користи и со кој управува Федерацијата;
- вкупната активност на Федерацијата од аспект на доследна примена на законите и другите прописи во неговата работа.

Одборот може да врши контрола и над работата на Клубовите.

### Член 55

Одборот има право и должност за констатираните неправилности да ги извести Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата, како и да бара преземање на соодветни мерки.

Собранието, Извршниот одбор, Претседателот на Федерацијата и другите лица кои учествуваат во работата на Федерацијата, должни се на Одборот да му ја достават на увид и да му ја презентираат целокупната документација која ја бара Одборот и да му пружат помош за објективно вршење на контролата.

### Член 56

Со работата на Одборот раководи Претседателот.

Одборот се состанува по потреба.

Одборот е должен повремено, а најмалку еднаш годишно да поднесе извештај за работата на Федерацијата.

Одборот за својата работа одговара пред Собранието.

## 4.ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТ

### Член 57

Согласно организационата структура на ФИГ во рамките на Федерацијата за секој сегмент од гимнастичките спортови (доколку се развиени во РМ) се формира технички комитет.

Техничкиот комитет е стручен орган на Федерацијата, сочинет врз принцип на стручност и компетентност.

Техничкиот комитет се состои од 7 члена и го сочинуваат: Претседателот на Техничкиот комитет, Комесарот за развој на МСГ, Комесарот за развој на ЖСГ, Комесарот за судиски прашања за МСГ, Комесарот за судиски прашања за ЖСГ, Селекторот за МСГ и Селекторот за ЖСГ.

Претседателот на Техничкиот комитет треба да е истакнат и признат стручњак во областа на гимнастиката и гимнастичките спортови.

Член 58

Седниците на Техничкиот комитет ги свикува и со нив раководи Претседателот на Техничкиот комитет.

Техничкиот комитет е надлежен и одлучува особено за:

- утврдување на краткорочни, среднорочни и долгорочни програми за развој на гимнастиката и гимнастичките спортови во Република Македонија;
- утврдување на систем и календар на натпревари за сите категории на ниво на Републиката;
- утврдување на пропозиции, правила и критериуми за сите натпревари и манифестации што се организираат од страна на Федерацијата, вклучувајќи и утврдување на задолжителни вежби за соодветни возрасни категории;
- утврдување на нормативи и стандарди за потребните услови за формирање на друштво за гимнастички спортови и за исполнетоста на условите за вршење на дејноста во областа на гимнастиката и гимнастичките спортови;
- донесување на оперативни годишни програми за реализирање на утврдените цели и задачи на Федерацијата и за користење на имотот на Федерацијата, во функција на развојот на гимнастиката и гимнастичките спортови;
- пратење и извршување на програмите од системот на натпреварите во Републиката, како и на меѓудржавните и меѓународните натпреварии и манифестации;
- утврдување на правилници за судење на одделни сегменти од гимнастиката;
- утврдување на правилници за регистрација на: членовите, натпреварувачите, судиите, стручниот кадар, клубовите и слично;
- пружање на организациона и стручна помош на Клубовите;
- донесување програми за едукација и обезбедување на стручни кадри (тренери, судии, демонстратори, аниматори и други) и за нивно перманентно оспособување и усовршување;
- организирање и спроведување на семинари, курсеви, испити за издигнување на тренерски и судиски кадар, обезбедување и спроведување на тренинзи и гимнастички кампови, ревијални и изборни настапи на напредни вежбачи и вежбачки;
- ги прати и проучува достигнувањата на врвната гимнастика, презема мерки за унапредување и осовременување на методот ан работа, соработува со заитересираните субјекти за развој на гимнастиката и гимнастичките спортови и помага за основање на гимнастички секции и школи;
- изготвува програми со маркетиншка осмисленост на истите;
- избира и предлага претставници во стручните тела на Македонскиот олимписки комитет и во стручните тела на меѓународните асоцијации од областа на гимнастиката и гимнастичките спортови;
- му предлага на Извршниот одбор одговорни лица (комесари) за одделни сегменти од гимнастиката и гимнастичките спортови, судиските прашања и слично, како и селектори и донесува правила за нивното работење;
- поднесува извештај за својата работа;

- врши и други работи што се однесуваат на стручната работа на Федерацијата.

Одредбите од член 44 од овој Статут соодветно се применуваат и при донесувањето на одлуки на Техничкиот комитет.

Член 59

Одговорните комесари за одделни сегменти на гимнастичките спортови (машка спортска гимнастика, женска спортска гимнастика, ритмичко-спортска гимнастика, акробатика, судиски прашања за претходно наведените сегменти и други) се грижат за вкупниот развој и подем на соодветниот сегмент од гимнастичкиот спорт за кој е имаенуван и задолжен, а особено ги врши следните работи:

- изготвува краткорочни, среднорочни и долгорочни програми за развој на соодветниот сегмент на гимнастиката, го следи нивното остварување и предлага и презема мерки за нивно остварување и реализација;
- предлага, од редот на тренерите по гимнастика, именување на републички селектори за соодветниот сегмент (машка, женска , ритмичка гимнастика и сл.);
- учествува во работата на Техничкиот комитет;
- врши и други работи.

Поблиски одредби за правата, надлежностите и обврските на лицата од став 1 од овој член се регулираат со соодветен акт што го донесува Техничкиот комитет.

Член 60

Тренерите на Клубовите за гимнастички спортови, членки на Федерацијата, се организираат во Одбор на тренери во рамките на Федерацијата.

Задачите, работењето и одлучувањето се утврдуваат со општ акт (деловник) што за својата работа го донесува Одборот.

Член 61

Судиите во соодветните сегменти од гимнастичките спортови се организирани во Одбор на судии, кој се формира за секој сегмент посебно (машка, женска, ритмичка гимнастика) и со неговата работа раководи Комесарот за судиски прашања од соодветниот сегмент на гимнастиката.

Задачите, работењето и одлучувањето се утврдуваат со општ акт (деловник) што за својата работа го донесува Одборот.

Член 62

Судиите од сите сегменти на гимнастичките спортови, во судењето и донесувањето на одлуки се независни. За својата работа се одговорни пред Комесарот за судиски прашања, Претседателот на техничкиот комитет и Извршниот одбор.

Член 63

Стручен увид и контрола над остварувањето на програмските активности на Клубовите, како и на работата на професионално вработените стручни и други лица кои ги остваруваат програмите во областа на тренажниот процес во гимнастиката, врши Федерацијата, преку соодветните Комесари.

## 5.ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

Член 64

Дисциплинската комисија е составена од 3 члена (претседател и два члена), секој член има заменик.

Членовите на Дисциплинската комисија се бираат од страна на Собранието на Федерацијата.

Дисциплинската комисија може да работи доколку се присутни сите членови или нивните заменици и долуките се сметаат за донесени доколку се донесени со мнозинство гласови (најмалку два гласа за).

Член 65

Дисциплинската комисија работи и изрекува дисциплински мерки врз основа на Дисциплинскиот правилник, кој го донесува Собранието на Федерацијата.

За дисципилнските прекршоци кои ги разгледува Дисциплинската комисија, можат да се изречат следните казни:

- опомена;
- јавна опомена пред исклучување;
- забрана за настапување на натпреварите што ги организира Федерацијата и на другите натпревари како член на репрезентацијата;
- исклучување на поединец, клуб со времена казна.

Пред да ја изрече казната од став 1 од овој член Дисциплинската комисија е должна да го сослуша лицето против кое се води дисциплинската постапка, во разни случаи кои се предвидени во дисциплинскиот правилник.

# VII.УЧЕСНИЦИ ВО СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Член 66

Спортисти - учесници во спортските активности, во смисла на Законот за спорт се:

- спортистите од сите возрасти кои учествуваат во спортските активности и
- сите учесници во спортско-рекреативните активности.

Член 67

Спортските активности се извршуваат аматерски и професионално.

Спортистот кој спортските активности ги извршува професионално, сите права и обврски од работен однос ги остварува при спортскиот клуб - работодавец, на начин утврден со закон и колективен договор.

Член 68

На спортистите кои спортската активност ја вршат аматерски, може да им се обезбеди бесплатно користење на објекти, опрема и реквизити, да им се исплаќа надомест за изгубена плата, патни и дневни трошоци за време на спортски тренинг и натпревари, како и да им се создаваат други потребни услови за постигнување на врвни спортски резултати.

На спортистите кои спортската активност ја вршат аматерски, спортскиот клуб може да им обезбеди хранарина до висина на просечна месечна плата што се остварува на ниво на Републиката.

Спортистите од став 1 од овој член, исто така можзт да примаат паришни и други награди за остварени спортски резултати, односно за вршење на спортска активност, под услови кои се утврдуваат со акт на спортскиот клуб.

Член 69

Спортскиот клуб во кој членува спортист – аматер, склучува договор со работодавецот, кај кого спортистот е во работен однос, со кој се утврдуваат правата и обврските на спортистот и на спортскиот клуб во врска со вршењето на споортскиот тренинг и натпреварите.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и за тренерот – аматер на спортистот.

Отсуството на спортист ученик, односно студент од наставата, заради вршење на спортски тренинг и натпревари се уредува во согласност со соодветните закони од областа на образованието.

Член 70

Спортист странец ги остварува своите права и може да учествува во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со Законот за спорт и со друг закон.

Највисок степен на натпревари во смисла на законот за спорт се:

- настап во систем на натпревари од прва лига;
- настап на државно сениорско првенство.

Член 71

Спортистите сениори, државјани на Република Македонија, врз основа на постигнати резултати во одреден временски период, се стекнуваат со следните спортски категории:

- спортист од светска категорија;
- спортист од меѓународна категорија;
- спортист од државна категорија.

Еднаш стекнатата спортска категорија има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

Член 72

Спортските категории спортистите ги стекнуваат врз основа на остварените резултати на официјалните натпревари, државни првенства, европски и светски првенства, светско универзитетско првенство и летни и зимски олимписки игри.

При утврдувањето на спортската категорија се вреднуваат само резултатите остварени на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државните првенства.

Член 73

Спортистите од помладите возрасни категории можат да стекнат спортска категорија согласно со одредбите од член 35 на Законот за спорт и член 61 од овој Статут, доколку

постигнат резултати кои се предвидени за сениори согласно со одредбите од Законот за спорт и овој Статут.

По исклучок од став 1 на овој член, доколку екипа или поединец ги исполнат условите предвидени во категоризацијата за учество и остварен пласман на светско или европско првенство во највисока старосна категорија за младинци, се стекнува категорија спортист од меѓународна категорија.

Член 74

Спортисти кои стекнале со спортска категорија од членот 35 од Законот за спорт (во понатамошниот текст: категоризирани спортисти), имаат право на материјален надоместок и други видови награди.

Материјалниот надоместок е во вид на:

- паричен надоместок;
- надомест за изгубена плата;
- осигурување од последици на несреќен случај.

Член 75

Користењето на правата, остварени согласно со законот за спорт и овој Статут е временски ограничено.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија заслужен спортист од светска категорија, се користат четири години, под услов спортистот да е активен и во тој период.

Правата кои произлегуваат ос спортската категороја спортист од државна категорија се користат една година.

Член 76

Спортист може да оствари паричен надоместок и тоа на:

- спортист од светска категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од две просечни плати исплатени на ниво на Републиката во претходната година во бруто износ и
- спортист од меѓународна категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од 1,3 просечни плати исплатени на ниво на Републиката за претходната година, во бруто износ.

На спортист од светска категорија и на спортист од меѓународна категорија кои се во работен однос, паричниот надоместок им се исплатува во нето износ од паричниот надоместок од став 1 алинеја 1, односно алинеја 2 на овој член.

Паричниот надоместок во нето износ од став 2 на овој член им се исплатува и на спортистите кои својата спортска активност ја вршат надвор од Република Македонија.

Член 77

Спортистите од државна категорија имаат право на материјален надоместок и други видови награди согласно со актите на спортскиот клуб каде што членуваат, односно Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија.

Член 78

Надоместокот за изгубена плата, заради отсуство од работа за одготовки и учество на натпревари на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија му се обезбедува согласно одредбите од член 32 од законот за спорт и член 58 од овој Статут.

За спортистите од државна категорија, надоместокот за плата може да го обезбедува спортскиот клуб во кој спортистот членува.

Категоризираниот спортист ги губи правата на материјален надоместок за стекнатата категорија ако:

- со правосилна судска пресуда е осуден на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци или
- му престанало државјанството на Република Македонија.

Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија е должна еднаш годишно во периодот од 1-ви до 31-ви декември во тековната година да достави мислење до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, во однос на исполнување на обврските на категоризираниот спортист кон спортската федерација.

Надоместокот за плата, категоризираниот спортист го обезбедува преку работодавецот каде што е во работен однос.

Член 79

На категоризираниот спортист кој заради повреда стекната на тренинг или натпревар, породилно отсуство или болничко лекување, бил принуден да го прекине спортскиот тренинг или натпреварите во земјата или странство, му следува материјален надоместок најмногу во траење од една година од денот на прекинот.

Член 80

На стручното лице со чија стручна работа спортистот остварил врвен спортски резултат со кој ја стекнал категоријата спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија му следува еднократна награда од 40 % од вкупните средства што му следуваат на категоризираниот спортист за една година.

Доколку во остварувањето на врвниот спортски резултат на спортистот од став 1 на овој член учествувале повеќе стручни лица како стручен тим, наградата предвидена за едно лице се дели на учесниците кои партиципирале во работата на стручниот тим, согласно со општиот акт на Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Маедонија.

На стручните лица кои ги подготвуваат спортистите (тренери во клубовите) им следува 20% од сумата утврдена во став 1 на овој член.

Предлог за награда на стручното лице или стручните лица кои учествувале во остварувањето на спортскиот резултат на категоризираниот спортист дава Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија, при доставување на предлог на листа за категоризација на спортистите, во предвидениот рок во член 48 од Законот за спорт.

Член 81

Категоризираниот спортист може за освоениот пласман врз основа на кој ја стекнал категоријата да добие и награда во вид на еднократна парична исплата, спортска опрема или друг вид награда.

Категоризираниот спортист може да биде наградуван и од други правни и физички лица.

Член 82

Категоризираниот спортист е должен да се придржува и да ги исполнува обврските што произлегуваат од актите на: спортскиот клуб чиј член е, Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија, МОК и меѓународната спортска федерација.

Доколку категоризираниот спортист не ги исполнува обврските од став 1 на овој член, се покренува постапка за одземање на правата од стекнатата категорија.

Постапката за одземање на правата од стекнатата категорија ја покренува клубот чиј член е, Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија или органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Член 83

Федерацијата на гимнстичките спортови на Република Македонија должна е навреме да достави комплетна документација за предложените кандидати за категоризирани спортисти. Податоците особено треба да содржат: меѓународен календар на светската или на европската федерација, билтен од меѓународниот натпревар, а доколку е остварен рекорд и записник од стручно лице (тренер) кој го води спортистот или екипата, адреса, електронска пошта, веб страна на меѓународната спортска федерација и други податоци што се значајни за остварениот резултат.

Верификација на спортист од државна категорија врши Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија, која до органот на државната управа надлежен за работите на спортот доставива листа со документација на спортистите од државна категорија, заради евиденција, соглано со член 48, став 4 од Законот за спорт.

## VIII.ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И АНТИДОПИНГ КОНТРОЛА

Член 84

Лицата кои во спортските клубови активно се занимаваат со спортска, односно спортско-рекреативна активност, должни се да се подложат на здравствена контрола.

Здравствената контрола опфаќа здравствен преглед пред започнувањето, како и систематски контролни прегледи за време на учеството во спортските активности.

Бројот на систематските контролни прегледи го утврдува Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија со посебен општ акт.

Член 85

Здравствената контрола на учесниците во спортските активности ја врши лекар специјалист по спортска медицина.

Во општините во кои нема специјалист по спортска медицина, здравствената контрола на спортистите ќе ја врши лекар – специјалист по општа медицина или специјалист по внатрешни болести.

Член 86

Учесниците во спортските и спортско-рекреатиивните активности, здравствените прегледи ги остваруваат во рамките на редовното здравствено осигурување.

Спортските клубови обезбедуваат средства за здравствена контрола на спортистите доколку истите не се опфатени со задолжително здравствено осигурување.

Спортските клубови на спортистите кои спортската активност ја извршуваат професионално им обезбрдуваат задолжително здравствено осигурување.

Член 87

Се забранува стручното лице да го присилува спортистот да тренира или учествува на спортски натпревари во времето додека здравствено не е способен за тоа, или кога таквата активност би можела да ја влоши неговата здравствена состојба.

Член 88

Се забранува спортистите да земаат или на спортистите да им се даваат стимулативни средства, кои се забранети или штетни по здравјето.

Допинг-контролата е составен дел на мерките на здравствена контрола на спортистите.

## IX.ЕВИДЕНЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 89

Заради организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на гимнастичките спортови и за водење на долгорочна политика во областа на гимнастичките спортови, Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија води евиденција и тоа за:

- спортските клубови;
- спортистите и другите членови на спортските клубови;
- постигнати спортски резултати;
- стручни кадри;
- објекти;
- врвни спортисти;
- награди и признанија;
- меѓународна спортска активност;
- меѓународни спортски приредби;
- научно-истражувачки проекти од областа на гимнастичките спортови;
- издавачка дејност во областа на гимнастичките спортови и
- друго податоци за потребите на органот на државната управа надлежен за работите на спортот.

Евиденција водат и спортските клубовикои се во состав на Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија.

Член 90

Со објектите во кои спортските клубови ја остваруваат својата дејност управуваат извршните/управните одбори на спортските клубови, а надзор над нивната работа врши Собранието на спортскиот клуб, одборот за контрола на спортскиот клуб и одборот за контрола на Федерацијата.

Спортските клубови се должни спортските објекти во кои ја остваруваат својата дејност да ги користат за остварување на целите и задачите утврдени во нивните статути и

во овој Статут и да придонесуваат за развој на гимнастичките спортови, како и за спортот пошироко.

Член 91

Извршниот одбор на Федерацијата определува задолжено лице, комесар кое ќе се грижи за остварување на функцијата на спортските објекти, за преземање на мерки и активности за нивен натамошен развој и подобрување на нивните услови, како и за предлагање на форми за успешно остварување на дејноста и за нивна успешна организација.

## X.ИМОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 92

Недвижниот и движниот имот и средствата на Федерацијата стекнати по било кој основ се сопственост на Федерацијата.

Имотот, односно средствата на Федерацијата го сочинуваат:

- центрите во Дојран и Охрид;
- паричните средства и други материјални вредности.

Со центрите во Охрид и Стар Дојран управува и стопанисува Трговско друштво, основано согласно законот и одлука на Собранието на Федерацијата.

## XI.ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 93

Во остварувањето на активноста утврдена со овој Статут, Федерацијата располага со финансиски средства кои секоја календарска година се утврдуваат со финансиски план.

Финансиските средства се користат на начин определен со законските прописи и во согласност со начелата и критериумите за финансирање.

Член 94

Средствата за својата работа Федерацијата ги стекнува од:

- буџетот на Република Македонија;
- членарина, придонеси, партиципација од членовите и влезници;
- реклами, подароци и спонзорски прилози;
- маркетинг програми;
- организирање игри на среќа, согласно со закон;
- работа на центрите во Охрид и Дојран;
- од трговски друштва и
- други извори во согласност со закон.

Член 95

Материјално-финансиското работење на Федерацијата се врши врз основа на позитивните законски прописи од оваа област.

Член 96

За користењето и располагањето со средствата на Федерацијата, остварени од изворите наведени во член 58 од овој Статут, одлучуваат органите на Федерацијата, согласно надлежностите утврдени во овој Статут, кои преземаат мерки за економско целеобразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Имотот, односно средствата на Федерацијата се користат исклучиво за остварување на целите и задачите, како и на функцијата на Федерацијата утврдени во овој Статут.

Член 97

Федерацијата донесува годишен финансиски план за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по сите основи, како и расходите за активностите на Федерацијата: набавка на опрема и реквизити, одржување на опремата, плати на вработените, други надоместоци по основ на работен однос, материјални трошоци за работата на Федерацијата и други расходи сврзани со работата.

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Федерацијата е Претседателот на Федерацијата.

## XII.СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 98

Лицата што се вработени на неопределено време во Федерацијата и ја остваруваат неговата функција (стручни работи, организациски, административно-технички, материјално-финансиски и други помошни работи) се членови на Стручната служба.

Организацијата, стручноста, правата и одговорноста, работата и работните задачи на лицата од став 1 на овој член се утврдуваат со: Правилник на работодавецот за работниот однос и Правилник за систематизација на работите и работните задачи и систематизација на работните места, согласно Законот за работни односи и Колективниот договор во групацијата.

Член 99

Стручната служба не може да врши работи за други институции без согласност од Извршниот одбор на Федерацијата.

Член 100

Извршувањето на одделни работи за кои се потребни пошироки и други стручни знаења, Федерацијата може да ги довери на други стручни и научни институции или соодветни стручни и научни лица.

Член 101

Членовите на Стручната служба не може да бидат членови на органите од член 35 од овој Статут.

## XIII.ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 102

Федерацијата престанува да работи ако:

- за тоа одлучат членовите на седница на Собрание на Федерацијата со двотретинско мнозинство;
- бројот на членовите на Федерацијата се намали под пет полнолетни членови, односно ако бројот на Клубовите биде помал од два;
- Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и статутот на Федерацијата не се во согласност со Уставот;
- се утврди дека Федерацијата престанала со работа.

Одлуката на Собранието на Федерацијата за негово престанување се смета дека е донесена доколку за неа гласале две третини од членовите на Собранието, по претходно изјаснување на сите Клубови во Републиката.

Член 103

За донесување на одлуката за престанок на Федерацијата, Претседателот на Федерацијата задолжително писмено во рок од 15 дена од денот на донесувањето ги известува: Основниот суд при кој е регистрирана и органот на државната управа надлежен за работите на спортот.

Имотот (недвижен и движен) на Федерацијата, неговите обврски и права, во случај на престанок, преминуваат во сопственост на Република Македонија (државна сопственост).

## XIV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 104

Федерацијата и Клубовите се должни во рок од два месеци од влегувањето во сила на овој Статут да ги усогласат и донесат Статутите на Клубовите и сите општи и поединечни акти и да го усогласат своето работење според овој Статут.

Член 105

Иницијатива за изменување или дополнување на Статутот може да покрене секој член на Собранието, Извршниот одбор и Стручниот совет на Федерацијата.

За иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Извршниот одбор на Федерацијата.

Изменувањето и дополнувањето на овој Статут се врши по постапка и на начин за неговото донесување.

Член 106

Толкување на одредбите од овој Статут дава Собранието, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Федерацијата.

Член 107

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Федерацијата на гимнастичките спортови на Република Македонија, донесен на Собранието на Федерацијата на гимнастички спортови на Република Македонија, на седницата одржана на ден 01.05.2005 година.

Член 108

Овој Статут влегува во сила со денот на усвојувањето на Собранието на Федерацијата.

**ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател на ФГСМ,**
Љупчо Арнаудов